РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERI
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 473/4
14 04 20 21 год.-v
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник н Република Македонија“ бр. 82/18), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус стручни (специјалистички) студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“ на Факултет за правни и политички науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма о втор циклус стручни (специјалистички) студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“ на Факултет за правни и политичк науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.1409-228/9 од 21.12.2020 година од страна на Одборот з акредитација на високото образование, Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје се обрати со баран бр.03-179/1 од 02.02.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-473/1 о 03.02.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус стручн (специјалистички) студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“ на Факултет за правни и политички науки при Американск Универзитет на Европа - ФОН Скопје.

Централен регистар на Република Северна Македонија, изврши промена на име на Прв приватен Универзите - Фон Скопје, со одобрена пријава на 22.07.2020 година, во Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје.

Одборот за акредитација на високото образование донесе Решение бр. 08-126/3 од 09.11.2020 година з прифаќање на името на Прв приватен Универзитет ФОН, во Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје.

Министерство за образование и наука, преку допис бр.14-13030/2 од 31.12.2020 година (дополнето со допи бр.14-3517/2 од 09.03.2021 година) доставен до во Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје, потврди дека извршена измена и ажурирање на податоци во Регистарот на високообразовните установи, каде е наведено дек „Целосниот назив на субјектот гласи: Американски Универзитет во Европа - ФОН Скопје“.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-473/2 од 16.02.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведен во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 01.04.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-473/3 од 07.04.2021 година, кад е наведено дека, за студиската програма од втор циклус стручни (специјалистички) студии (60 ЕКТС) по „Деловно право“ на Факултет за правни и политички науки при Американски Универзитет на Европа - ФОН Скопје, с исполнети условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма, согласно одредбите утврдени с Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и з вршење на високообразовна дејност(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба д Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË - SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Доставено до:- Високообразовната установа
- Архива
изработил: Милена Ефремовска